МАКЕДОНСКА ПРВА ЛИГА | МАКЕДОНСКА ЖЕНСКА ЛИГА | МАКЕДОНСКА ВТОРА ЛИГА

**КОМЕСАР ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ**

**Кошаркарска Федерација на Северна Македонија**

Согласно членот 42.4.4 од Пропозициите за натпреварување во сениорските лиги, комесарот за натпреварување на ден 14.05.2021 година ја донесе следната:

КОШАРКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-250/1
14.05. 2021 год.

ОДЛУКА

Поради несовесно и неуредно извршување на должност, неуредно и непотполно спроведување на одлуки и упаства од комесарот, делгатот на натпреварот одигран на 13.05.2021 година помеѓу екипите на КК Вардар и КК МЗТ Уни Банка, Данчо Ивановски се казнува со забрана на вршење на должност на четири (4) натпревари согласно член 60.1 од Пропозиции за натпреварување.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На натпреварот одигран на 13.05.2021 година помеѓу екипите на КК Вардар и КК МЗТ Уни Банка, по увидот од службената документација од натпреварот утврдено е дека:

Во текот на 30 минута од натпреварот при постигнати поени, запрена е играта и извршена е замена на играч за екипата на КК Вардар. Во игра влегол играчот со број 34 Иванов кој не е на пријавната листа. По 20 секунди откриено е дека истиот не е внесен во пријавната листа и записникот. Веднаш бил отстранет, а тренерот е санкциониран согласно правилата.

Согласно членот 42., односно членот 42.4 Делегатот е должен:

42.3 Проверка на лиценците на играчите и службените лица пријавени на натпреварот,
42.4 Делегатот е одговорен за контрола на сета наведена документација и не смее да дозволи на клупата на екипите да седат лица без лиценца, или лица кои не се наоѓаат на пријавните листи на екипите.

Врз основа на горенаведеното Комесарот одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Поука: Против оваа одлука дозволено е жалба до Арбитража на КФСМ во рок од 24 часа од приемот на одлуката.

Комесар за натпреварување
Александар Милојевиќ

КОШАРКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА